Врз основа на член 24 став (2) од Законот за наставниците и стрчните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019), министерот за образование и наука донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја

### Член 1

Со овој правилник се утврдуваат основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја (во натамошниот текст: основните професионални компетенции).

### Член 2

Основните професионални компетенции опфаќаат основни знаења, способности и вештини коишто ги поседува наставникот за да може квалитетно да ја извршува наставничката професија.

Основните професионални компетенции опфаќаат професионални вредности, професионални знаења и разбирања, како и професионални способности и вештини во следните подрачја:

1. Знаења за наставниот предмет и за воспитно образовниот систем;
2. Учење и поучување;
3. Создавање на стимулативна средина за учење;
4. Социјална и образовна инклузија;
5. Комуникација и соработка со семејството и заедницата;
6. Професионален развој и професионална соработка.

### Член 3

Во подрачјето Знаења за наставниот предмет и за воспитно-образованиот систем се опфатени две потподрачја:

- знаење за наставниот предмет и
- знаење за воспитно-образовниот систем.

Основните професионални компетенции на наставникот од потподрачјето знаење за наставниот предмет се однесуваат на знаење за целта и содржинската основа на наставниот предметот, разбирање на неговата променлива структура, интегрирање, пронаоѓање, поврзување и надополнување на целите на наставниот предметот со други наставни предмети, како и користење на најсоодветните постапки за реализација на наставата по соодветниот наставен предмет, за да се направи интересен и привлечен за учениците.

Основните професионални компетенции од потподрачјето знаење за воспитно-образовниот систем се однесуваат на познавање и почитување на законските и подзаконските акти, како и други пропишани документи, преку коишто се обезбедува реализација на целите на воспитанието и образованието.

Основните професионални компетенции што треба да ги поседува наставникот од ова подрачје се дадени во Прилог бр.1 и се составен дел на овој правилник.

### Член 4

Во подрачјето Учење и поучување се опфатени четири потподрачја:

- планирање и подготовка на наставата,
- реализација на наставата,
- оценување на учениците и
- познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби.

Основните професионални компетенции на наставникот од потподрачјето планирање и подготвување на наставата се однесуваат на начинот на кој тој ја планира наставата, познавањето на компонентите на планирање и видовите планирање на наставата.

Основните професионални компетенции на наставникот од потподрачјето реализација на наставата се однесуваат на познавањето и користењето современи стратегии за реализација на наставата, познавањето на дидактичко – методските приоди специфични за наставниот предмет и образовната технологија соодветна за наставниот предметот.

Основните професионални компетенции на наставникот од потподрачјето оценување на учениците се однесуваат на познавањето современи и различни методи и техники на следење и оценување на учениците, нивните можности и ограничувања, како и на познавањето на пропишаните стандарди за постигањата и за дијагностичко, формативно и сумативно оценување.

Основните професионални компетенции на наставникот од потподрачјето познавање на учениците и излегување во пресрет на барањата на учениците се однесуваат на познавањето на нивните развојни карактеристики, индивидуалните разлики, интересите и претходните искуства на учениците, новите научни сознанија за учењето и поучувњето и развојот на учениците како и разбирањето на потребата од кариерно советување на младите.

Основните професионални компетенции од ова подрачје се дадени во прилог бр.2 и се составен дел на овој правилник.

### Член 5

Во подрачјето Создавање на стимулативна средина за учење се опфатени две потподрачја:

- создавње на безбедна и стимулативна средина за учење и
- училишна клима.

Основните професионални компетенции на наставникот од потподрачјето создавње на безбедна и стимулативна средина за учење се однесуваат на разбирањето на начините на коишто средината го поттикнува и овозможува учењето, на потенцијалите и можностите на различни наставни средства за учење вклучувајќи ја ИКТ, на познавањето на можните

закани по физичката и психичката безбедност на учениците, како и на познавањето различни начини за справување со кризни ситуации во училиштето, и механизми за справување со случаи на насилство и дискриминација по било која основа.

Основните професионални компетенции на наставникот од потподрачјето училишна клима се однесуваат на познавањето на карактеристиките и начините за создавање позитивна клима за учење, на стратегии за менаџирање во училница, активности за мултикултурализам, интеркултурализам и меѓуетничка интеграција и демократско учество во наставната и вонаставната работа, како и на разбирањето дека комуникацијата е моќно средство во учењето. Компетенциите на наставникот од ова подподрачје подразбираат и поседување знаења за техники и стилови на комуникација.

Основните професионални компетенции што треба да ги поседува наставникот од ова подрачје се дадени во прилог бр.3 и се составен дел на овој правилник.

**Член 6**

Основните професионални компетенции од подрачјето Социјална и образовна инклузија се однесуваат на познавањата на наставникот за различни концепти и модели за инклузивно образование, конвенциите за правата на децата и за антидискриминација, различните видови ученици на кои им е потребна дополнителна поддршка во образованието: посебни образовни потреби, тешкотии во учењето и недостатоци од социо-економски причини, како и разбирањето на социјалните и културните фактори и начинот на коишто тие влијаат на образованието и социјалната кохезија.

Основните професионални компетенции што треба да ги поседува наставникот од ова подрачје се дадени во прилог бр.4 и се составен дел на овој правилник.

**Член 7**

Основните професионални компетенции од подрачјето Соработка со семејствата и локалната заедница се однесуваат на познавањето на различни начини за соработка со семејството и локалната заедница и можности за нивно учество во животот во училиштето, како и на разбирање на значењето на семејството и локалната заедница за животот и работата на училиштето.

Основните професионални компетенции што треба да ги поседува наставникот од ова подрачје се дадени во прилог бр.5 и се составен дел на овој правилник.

**Член 8**

Во подрачјето Професионален развој и професионална соработка се опфатени две потподрачја:

- професионален развој и
- професионална соработка.

Основните професионални компетенции на наставникот од потподрачјето професионален развој се однесуваат на познавањето на компетенциите за наставници, ефективните модели и можности за професионален развој и напредување во наставничката професија, како да се изработи личен план за професионален развој и да се развие сопствена филозофија за професијата, како и на разбирањето на комплексноста на наставничката професија и одговорноста што таа ја носи, знаењето дека е потребно да се дополнуваат и надградуваат знаењата и да се развиваат вештините со континуирана едукација.

Основните професионални компетенции на наставникот од потподрачјето професионална соработка се однесуваат на познавањето на кодексот за однесување и комуникација со колегите и ја разбира важноста од соработката со нив, на различни начини и преку различни форми.

Основните професионални компетенции што треба да ги поседува наставникот од ова подрачје се дадени во прилог бр.6 и се составен дел на овој правилник.

**Член 9**

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја бр.12-11338/1 од 22.06.2015 година.

**Член 10**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Министер за образование и наука,**
**Dr. Arbër Ademi с.р**

**Бр.18-3999/1**
**18.03. 2020 години**

**Прилог бр.1 – Подрачје Знаење за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем**

| А. Професионални знаења и разбирања | Б. Професионални способности и вештини |
|---|---|
| **Потподрачје: ЗНАЕЊЕ ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ** | |
| 1. ја познава предметната материја на која ги поучува учениците и знае како таа ~~е~~ поврзана со другите наставни предмети;<br>2. ги познава клучните поими во наставниот предмет и нивната поврзаност;<br>3. ги следи новите научни и други сознанија од наставниот предмет;<br>4. ги следи најновите техничко-технолошки достигнувања во струката[1];<br>5. знае за значењето на поврзаноста на стручното образование со потребите на пазарот на трудот[1];<br>6. ја разбира поврзаноста помеѓу наставните содржини и кариерниот развој на учениците;<br>7. знае што е наставен план и програма и односите помеѓу нивните компоненти (на пр. цели, содржини, дидактички насоки, поими, активности);<br>8. познава основни методи и техники за истражување во научната област на која припаѓа наставникот предмет. | 1. новите сознанија од наставниот предмет на соодветен начин ги вклучува во поучувањето;<br>2. фокусиран е на реализација на целите од наставниот предмет;<br>3. ги обединува знаењата околу клучните поими во наставниот предмет;<br>4. ги поврзува наставните содржини за постигнување на меѓупредметните цели во текот на сите воспитно-образовни активности;<br>5. користи методи, стратегии и техники за оспособување на учениците за себе-претставување;<br>6. ги поврзува цели~~те~~ на наставата со најновите техничко-технолошки достигнувања во струката и потребите на пазарот на трудот[1];<br>7. предизвикува интерес кај учениците кон наставниот предмет;<br>8. развива критички однос кај учениците за материјата од наставниот предмет и им помага да го проценат од аспект на нивната научна заснованост. |
| **Потподрачје: ЗНАЕЊЕ ЗА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ** | |
| 9. го познава образовниот систем, особено подсистемот на образование во кој работи, вклучувајќи ја и законската регулатива;<br>10. ги познава програмските документи за подсистемот на образование во кој работи;<br>11. ги разбира современите образовни тенденции. | 9. се раководи според општите принципи на системот на воспитание и образование. |

**Прилог бр.2 – Подрачје Поучување и учење**

| А. Професионални знаења и разбирања | Б. Професионални способности и вештини |
|---|---|
| **Подподрачје: ПЛАНИРАЊЕ И ПОДГОТОВКА НА НАСТАВАТА** | |
| 1. ги знае компонентите за успешно планирање на наставата;<br>2. познава различни видови планирања на наставата. | 1. планира учење и поучување според наставните програми и стандарди и според потребите на учениците;<br>2. планира практична настава и обука што ќе се реализира кај работодавач[2];<br>3. изработува различни видови планирања;<br>4. избира и подготвува наставни методи, стратегии, техники на учење и активности, наставни средства, работни материјали и инструменти за следење на учениците во согласност со поставените цели;<br>5. планира врз основа на рефлексијата на сопствената работа и повратна информација од учениците. |
| **Подподрачје: РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА** | |
| 3. познава современи наставни стратегии за реализација на наставата;<br>4. познава дидактичко –методските приоди специфични за наставниот предмет;<br>5. познава образовната технологија соодветна за предметот;<br>6. има основни методски познавања за интегрирање на воспитно – образовни цели и | 5. процесот на настава и учење го фокусира на ученикот;<br>6. користи современи дидактичко – методски приоди и наставни методи кои се во согласност со целите на наставата, потребите и можностите на учениците;<br>7. применува современи наставни средства и помагала; |

[1] Овие компетенции се однесуваат само на наставниците по практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.
[2] Овие компетенции се однесуваат само на наставниците кои предаваат во средните стручни училишта.

| А. Професионални знаења и разбирања | Б. Професионални способности и вештини |
|---|---|
| меѓупредметни содржини. | 8. активира ученици со добро осмислени прашања кои поттикнуваат повисоки мисловни процеси;<br>9. создава и одржува отворена и стимулативна средина која поттикнува критичко учење и учење по пат на истражување, учење и независност;<br>10. развива кај учениците вештини за повисоки ниво на мислење и решавање проблеми;<br>11. систематски ги воведува учениците во научната дисциплина;<br>12. интегрира цели и ја поврзува предметната содржина со други наставни предмети и содржини и-практична примена во секојдневниот живот;<br>13. следи трендови за различни професии и соодветно ги применува податоците во процесот на образование за кариера;<br>14. прави наставата да биде интересна и поттикнува интерес кај учениците за учење на наставниот предмет;<br>15. учењето и поучувањето го прилагодува кон учениците и на контекстот на којшто се однесува;<br>16. учењето и поучувањето го прилагодува со производниот или услужниот процес кај работодавачот кај кој се изведува практична настава и обука на ученикот[3];<br>17. гради кај учениците високи лични стандарди за успех, позитивен став кон учењето и надвор од наставата и развива вештини за доживотно учење;<br>18. планира и реализира дополнителни активности со кои се зајакнува и проширува стекнатото знаењето (домашна работа, посети, екскурзии, соработка, проекти, итн.). |
| **Подподрачје: ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ** | |
| 7. знае дека примарна цел на оценувањето е унапредување на постигањата на учениците;<br>8. знае современи и различни методи и техники на следење и оценување и нивните можности и ограничувања;<br>9. ги знае пропишаните стандарди за постигања и за формативно и сумативно оценување. | 19. има високи очекувања за развојот и постигањата на учениците;<br>20. систематски го следи напредувањето на учениците, ги бележи сознанијата и им дава квалитетна[4] повратна информација;<br>21. избира и применува стратегии за оценување соодветни на целите;<br>22. ги вклучува учениците во процесот на оценувањето и создава позитивна клима за да може да ги покажат своите постигања;<br>23. формира валидни и објективни сумативни оценки, ги презентира и образложува;<br>24. ги анализира и интерпретира резултатите од оценувањето и ги користи за планирање на воспитно – образовниот процес за подобрување на учењето на учениците;<br>25. навремено ги информира родителите[5] за напредокот на нивното дете, редовно и квалитетно;<br>26. постигањата на воспитно - образовните цели за учениците ги мери преку формативно и сумативно оценување;<br>27. дијагностичкото и формативното оценување го прави навремено и соодветно;<br>28. ги почитува стандардите за оценување на ниво на држава;<br>29. ги анализира и ги зема предвид резултатите од следењето и оценувањето на ученикот од страна на стручен и друг кадар при изведување на практичната настава и обука кај работодавачот[6]. |

[3] Овие компетенции се однесуваат само на наставниците практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.
[4] Редовна, јасна и навремена
[5] Под родител се подразбира и законски застапник, старател.
[6] Овие компетенции се однесуваат само на наставниците практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.

| А. Професионални знаења и разбирања | Б. Професионални способности и вештини |
|---|---|
| **Подподрачје: ПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ И ИЗЛЕГУВАЊЕ ВО ПРЕСРЕТ НА НИВНИТЕ ПОТРЕБИ** | |
| 10. ги знае развојните карактеристики на учениците;<br>11. ги познава индивидуалните разлики, интересите и претходни~~те~~ искуства на учениците;<br>12. ги знае актуелните трендовите на живеење и потребите на младите;<br>13. ја разбира потребата од кариерно советување на младите;<br>14. е во тек со новите научни сознанија за учењето и развојот на учениците. | 30. знае за учениците и условите во коишто тие живеат и постапува доверливо со податоците со коишто располага;<br>31. идентификува слаби и силни страни на секој ученик и го развива неговиот потенцијал;<br>32. предвидува можни начини на реакција на ученикот и на соодветен начин се справува со нив;<br>33. работата ја прилагодува согласно развојните карактеристики на учениците со соодветни стратегии и техники на учење и поучување;<br>34. се грижи за севкупниот развој на ученикот, вклучително и неговиот кариерен развој;<br>35. учениците ги води низ процесот на учење, придонесува за позитивно однесување;<br>36. ги мотивира учениците за активно користење на слободното време;<br>37. ги слуша и почитува ставовите, мислењата и интересите на учениците;<br>38. помага учениците да станат свесни за процесот за сопственото учење и ги оспособува учениците за самостојно учење и истражување. |

**Прилог бр.3 – Создавање стимулативна средина за учење**

| А. Професионални знаења и разбирања | Б. Професионални способности и вештини |
|---|---|
| **Подподрачје: СОЗДАВАЊЕ НА БЕЗБЕДНА И СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ** | |
| 1. разбира на кој начин средината го поттикнува и овозможува учењето;<br>2. знае за потенцијалите и можностите на различни средства за учење вклучувајќи ја ИКТ;<br>3. ја познава дејноста, организацијата, технологијата и опремата кај работодавачите[7];<br>4. ги знае мерките за безбедност и заштита при работа[7];<br>5. знае за можните закани по физичката и психичката безбедност на учениците;<br>6. познава различни начини за справување со кризни ситуации во училиштето;<br>7. Знае механизми за справување со случаи на насилство и дискриминација по било која основа. | 1. организира стимулативна средина за учење (пр. охрабрува различно мислење, има позитивен однос кон грешките и сл.);<br>2. организира простор за учење во согласност со видот на активностите и интересите на учениците;<br>3. обезбедува користење на разни извори, материјали и средства во процесот на учење, вклучувајќи и безбедно користење на ИКТ;<br>4. идентификува соодветни машини, уреди и алати за практична настава и обука на учениците и обезбедува нивно соодветно и безбедно користење[7];<br>5. пружа помош на учениците во адаптирање~~то~~ на училишната средина, соодветно на возраста;<br>6. учествува во разни училишни и вонучилишни активности заедно со своите ученици;<br>7. користи соодветни стратегии за кризна интервенција во училиштето;<br>8. користи соодветни начини за справување со насилство и дискриминација. |

[7] Овие компетенции се однесуваат само на наставниците практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.

| Подподрачје: УЧИЛИШНА КЛИМА | |
|---|---|
| 8. ги познава карактеристиките и начините за создавање позитивна клима за учење;<br>9. познава стратегии за менаџирање во училница;<br>10. разбира дека комуникацијата е моќно средство во учењето;<br>11. поседува знаења за стиловите и техниките на комуникација;<br>12. познава активности за мултикултурализам, интеркултурализам и меѓуетничка интеграција и демократско учество во наставната и вонанаставната работа;<br>13. познава правила на комуникација кај работодавачот[8];<br>14. разбира дека климата во паралелката најмногу зависи од наставникот/та;<br>15. е модел за етичност и чесност | 9. создава позитивна работна клима во училницата во согласност со потребите на сите ученици;<br>10. ја почитува личноста на ученикот, ја поттикнува и развива неговата самодоверба и самопочитување;<br>11. заедно со учениците воспоставува правила на однесување во училницата и служи како модел за нивно почитување;<br>12. користи стратегии кои промовираат почитување на разликите, мултикултурализмот, интеркултурализмот, меѓуетничка и интеркултурна интеграција и демократските вредности;<br>13. користи различни стратегии за разрешување конфликти и ги развива истите кај учениците;<br>14. создава услови што поттикнуваат чувство за припадност, взаемно почитување и придонес кон училишната заедница;<br>15. поттикнува и поддржува тимска работа кај учениците;<br>16. користи соодветни техники или стилови на комуникација во зависност од учениците и ситуацијата;<br>17. користи комуникациски стратегии за почитување на културните и родовите разлики кои може да влијаат на климата во училницата;<br>18. промовира позитивни вредности, ставови и однесувања коишто се очекуваат од учениците, комуникацијата со учениците ја заснова врз почит и внимание;<br>19. користи современи средства за комуникација (е-пошта, социјални мрежи, блогови и сл.). |

**Прилог бр.4 – Социјална и образовна инклузија**

| А. Професионални знаења и разбирања | Б. Професионални способности и вештини |
|---|---|
| **Подподрачје: СОЦИЈАЛНА И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА** | |
| 1. познава различни концепти и модели за инклузивно образование;<br>2. ги разбира социјалните и културните фактори, како истите влијаат на воспитанието и образованието и како придонесуваат за социјална кохезија;<br>3. препознава ученици на кои им е потребна дополнителна поддршка во образованието: посебни образовни потреби, тешкотии во учењето и недостатоци од социо-економски причини;<br>4. ги знае Универзалната декларација за човековите права и Конвенцијата за правата на детето. | 1. учествува во процесот на идентификација на специфичните образовни потреби заедно со стручната служба и користи различни методи за диференцијација и индивидуализација на наставата;<br>2. учествува во тимови за изработка на индивидуални образовни планови;<br>3. работи во училишни инклузивни тимови;<br>4. дава подеднакви можности секое дете и семејство да учествуваат во наставните и вонаставните активности, без разлика на психо-физичките способности, полот, етничкото потекло, културата, мајчиниот јазик, религијата, семејната структура, социјалниот и економскиот статус;<br>5. подготвува ученици за прифаќање на деца од ранливи групи и деца со посебни образовни потреби. |

[8] Овие компетенции се однесуваат само на наставниците кои предаваат во средните стручни училишта.

**Прилог бр.5 – Комуникација и соработка со семејството и заедницата**

| А. Професионални знаења и разбирања | Б. Професионални способности и вештини |
|---|---|
| **Подподрачје: СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВАТА И ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА** | |
| 1. го разбира значењето на семејството и локалната заедница за животот и работата на училиштето;<br>2. знае начини за соработка со семејството и локалната заедница и можности за нивно учество во животот во училиштето;<br>3. го познава работното окружување за кое се образуваат учениците во струката[9];<br>4. поседува комуникациски знаења и вештини. | 1. промовира доверба и разбирање за градење на партнерства со локалната заедница и семејствата;<br>2. развива ефективна соработка со семејствата и членовите на заедницата во работата на училиштето;<br>3. комуницира со семејствата на соодветен начин со почит и внимание;<br>4. соработува со локалната средина, социјалните партнери и други релевантни институции во државата и во странство[9];<br>5. соработува со работодавачи за реализирање на практична настава и обука[9]. |

**Прилог бр.6 – Професионален развој и професионална соработка**

| А. Професионални знаења и разбирања | Б. Професионални способности и вештини |
|---|---|
| **Подподрачје: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ** | |
| 1. ја разбира комплексноста на наставничката професија како и одговорноста што таа ја носи;<br>2. ги познава компетенциите за наставници;<br>3. знае ефективни модели и можности за професионален развој и напредување во наставничката професија;<br>4. информиран е за стручните настани во образованието;<br>5. дополнува и надоградува знаења и вештини со континуирна едукација;<br>6. знае како да изработи личен план за професионален развој и да развие сопствена филозофија за професијата. | 1. континуирано ја унапредува сопствената педагошка пракса врз основа на следењето на промените и новините во системот на образование , врз основа на рефлексија и самоевалуација;<br>2. знаењата стекнати преку стручно усовршување (формално, неформално и информално) континуирано ги усовршува;<br>3. ги идентификува сопствените образовни потреби и го планира личниот професионален развој;<br>4. развива и применува рефлективни вештини за анализирање и подобрување на сопствената пракса;<br>5. професионалните знаења и вештини ги унапредува преку непосредна практична настава и обука кај работодавач[10];<br>6. поттикнува и реализира заедничко истражување и учење за подобрување на наставните практики;<br>7. следи стручна литература од наставниот предмет и друга педагошко-психолошка литература. |
| **Подподрачје: ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА** | |
| 7. го знае кодексот на комуникација со колегите и ја разбира важноста од соработката со нив;<br>8. информиран е за професионалните здруженија на наставниците. | 8. активно промовира колегијални односи и соработува со колегите;<br>9. ја почитува професионална етика и одговорно се однесува кон задолженијата и кон колегите;<br>10. членува во професионални здруженија на наставници;<br>11. соработува со стручните работници, лица, установи, организации и компании-фирми во и надвор од училиштето. |

[9] Овие компетенции се однесуваат само на наставниците практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.
[10] Овие компетенции се однесуваат само на наставниците практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.